ул. Каменичка бр. 2, Македонска Каменица, 2304, Република Северена Македонија
tel / fax: +389 33 432 741;opstina@makedonskakamenica.gov.mk;www.makedonskakamenica.gov.mk

Апстракт од конечни извештаи од внатрешна ревизија за 2025 година

Целосна реализација на Годишен план за внатрешна ревизија *

■/ Системски ревизии
■/ Финансиски ревизии

Ревизии :

- ✓ **Ревизија на процесот на спроведување на постапките за јавни набавки во општина Македонска Каменица во 2024 година.**
- ✓ **Ревизија на процесот на пријавување и евидентирање на обврските во општина Македонска Каменица во 2024 година.**
- ✓ **Ревизија на процесот на следење на реализацијата на договорите за јавни набавки во општина Македонска Каменица во 2024 година.**
- ✓ **Вонредна ревизија на финансиските извештаи на ЈП Камена Река –Мак.Каменица за период од 01.01.2024 до 31.10.2025 година.**
- ✓ **Ревизија на финансиските извештаи на СОУ Миле Јаневски-Џингар-Македонска Каменица во 2024 година.**

Цели на ревизиите :

- ✓ Да се добие разумно ревизорско уаерување дека процесот на спроведување на постапките за јавни набавки е спроведен согласно законската регулатива и согласно законските прописи.
- ✓ Да се добие разумно ревозрско уверување дека процесот на пријавување и евиденирање на обврските е во согласност со законските прописи.
- ✓ Да се добие разумно ревизорско уверување дека е воспоставен систем на следење на реализацијата на договорите за јавни набавки.
- ✓ Да се добие уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и истите ја даваат реалната слика за состојбата на институцијата и дека работењето е согласно законската регулатива
- ✓ Да се добие уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и истите ја даваат реалната слика за состојбата на институцијата и дека работењето е согласно законската регулатива

Препораки за намалување на ризиците и зголемување на ефективноста на внатрешната контрола :

- ✓ Согласно член 110 став 1 од Законот за јавни набавки кога понудата на економскиот оператор содржи невообичаено ниска цена во однос на стоки,услуги или работи што се предмет на набавка, договорниот орган бара објаснување за цената или трошокот наведен во понудата.Општината во вакви случаи да продолжи да постапува како и досега.
- ✓ Градоначалникот на општина Македонска Каменица да назначи лице вработено во општинската администрација на општина Македонска Каменица (правник) кое ќе ги прегледува и парафира Договорите за јавни набавки пред да бидат потпишани од страна на договорните страни а со цел истите да бидат составени согласно законската регулатива а со тоа би се намалила и можноста од технички грешки.
- ✓ Во иднина Градоначалникот за иницирање на јавните набавки да овластува вработени чии работни задачи и обврски соодветствуваат или се поврзани со буџетските програми за реализација на одредени проекти, програми и активности за кои се овластени.
- ✓ Во иднина Градоначалникот да ги овластува вработените за следење на реализација на договорот за јавна набавка во зависност од природата и сложеноста на Договорот.Да се внимава на тоа работните задачи и обврски на овластуваните лица да соодветствуваат со буџетските програми на кои се планирани средствата за реализацијата на договорите за јавни набавки.
- ✓ Со цел да се избегнат честите измени на Договорите за јавни набавки , внатрешниот ревизор смета дека треба да се работи на :

-подобро планирање на јавната набавка преку детална анализа на потребите и реалните услови пред да се објави тендерот, преку подобро предвидување на можни ризици и непредвидени околности ;
-прецизни и јасни тендерски документи преку прецизно дефинирање на техничките спецификации и условите за извршување ;
-засилена контрола и надзор на извршувањето преку континуирана комуникација меѓу општината, надзорниот орган и добавувачите за да се спречат доцнења во извршувањето на договорот ;
-подобрување на внатрешните механизми за следење на реализацијата на договорот
преку овластените лица од општината.

- ✓ Да се разгледа можноста за законско решавање на застарените обврски, со цел општината да има точен увид во состојбата на обврските, а со тоа истите застарени обврски ќе престанат да се пријавуваат и евидентираат во ЕСПЕО.
- ✓ Градоначалникот да преземе мерки и активности во делот на издадените овластувања на вработените за следење на реализацијата на договорите за јавна набавка со тоа што ќе внимава предметот на договорот за јавна набавка да соодветствува со стручните квалификации,компетенции но и работни задачи и обврски на овластените лица.
- ✓ Овластените лица да внимаваат на роковите за реализација на договорите за јавна набавка со тоа што доколку одреден предмет на набавката неможе да биде реализиран во договорениот рок да се направи измена на одредбите во договорот во делот на продолжување на рокот, согласно законската регулатива со цел да се запазат договорните права и обврски.
- ✓ Во иднина вработените навремено и редовно да ги следат измените на законската регулатива и да вршат усогласување на Статутот на јавното претрприајтие во согласност со законската регулатива и законските прописи.
- ✓ Доколку јавното претпријатие има реална потреба во одредени случаи да склучува договори за дело тоа да биде исклучиво согласно законските одредби.
- ✓ -Да се внимава на тоа Договорите да се архивираат навремено а не подоцна од почетокот на периодот за кој се склучени.
- ✓ -Согласно член 8 од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор (Службен весник бр.255/2024) раководителот на јавниот субјект (Директорот во овој случај) донесува интерни акти преку кои ќе бидат разработени процедури за спроведување на клучните процеси, во овој

случај Процедура за склучување на Договори за дело во која ќе бидат дефинирани правата и обврските на извршителите на работи и работни задачи, односно за кои работи и работни задачи ЈП има потреба да склучува Договори за дело,времето за кое ќе се извршуваат работните задачи, како и утврдување на надоместокот по кој ќе се исплаќаат извршителите на работите и достава на Извештај за извшрени работни задачи од страна на извршителот на работни задачи по Договорот , кој ќе биде еден вид потврда за исплата на надоместокот.

- ✓ Исплатата на прекувремените часови и дежурства на вработените да биде поткрепена со Извештај за извршени работни задачи.
- ✓ Да се разгледа можноста за законско решавање на застарените побарувања , со цел јавното претпријатие да има точен увид во состојбата на побарувањата.
- ✓ Во иднина редовно да се вршат месечните уплати од приходите собрани по основ на јавна чистота на сметка на општината и прикажаното салдо да се регулира во рамките на меѓусебните побарувања и обврски по основ на услуги за јавна чистота, како и нивна навремена, редовна и целосна уплата и воспоставување на точна евиденција на собрани приходи по тој основ.
- ✓ Во иднина доследно да се почитува и применува Законот за јавни набавки.Јавните набавки да се планираат, спроведуваат и реализираат согласно планираните извори Заради подобро вршење на контрола потребно е Директорот да назначи едно вработено лице кое ќе располага со картичките за гориво и ќе врши конторла на точењето и за која намена и цел е искористено истото, со што значително ќе се намали злоупотребата при користењето на картичките за гориво.
- ✓ Кај набавките кои се делливи Овластените лица покрај контролата за набавената стока да одговара вредносно и количински со договорот и барањата во техничките спецификации да водат сметка и за секоја пристигната фактура за кој дел одговара набавката се со цел точно да се има увид што, колку и од кој дел е набавено, а со тоа ќе се намали можноста од надминување на вредноста на договорот по делови.
- ✓ Директорот да ги задолжи вработените да вршат контрола со цел во исплатите на фактурите согласно договорите да се наведува за кој договор конкретно се однесуваат, така во секое време ќе има точен преглед од сметководствена евиденција за исплатите по Договорите кое ќе биде олеснување во делот на следење на реализацијата на секој Договор.Со тоа полесно ќе се контролира исплатната документација во поглед на договорните стоки и услуги, цени, количини и вкупна вредност на договорот, со што ќе има писмен траг дека се врши проверка на секоја фактура пред истата да биде исплатена, дека е согласно договорот за јавна набавка односно дека фактурираните стоки и услуги се согласно спецификациите во договорот, и значително ќе се избегне можноста од надминување на вредноста на договорот.
- ✓ Во иднина средствата кои се побарани и општината ги исплатила по Програма да се трошат наменски и за цел за која се побарани во Програмата.Овластените лица од Општината да вршат работни задачи за следење и одобрување на фактурите за јавна чистота и јавни работи, издадени од ЈП како и да ја следат реализацијата на Програмите.
- ✓ Во иднина да се преземат мерки и активности околу редовното објавување на финансиските извештаи и завршната сметка на веб страната на ЈП “Камена Река” со цел
- ✓ да се почитуваат одребите од Законот за јавни претпријатија.
- ✓ Директорот на ЈП ,,Камена Река,, да воспостави систем на безготовинска наплата на побарувањата за извршените услуги согласно законските прописи и законската регулатива.
- ✓ Директорот на ЈП ,,Камена Река,, да преземе мерки и активности за организирање и извршување на пописот на начин предвиден согласно Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и

обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот со цел да се обезбедат податоци за усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

- ✓ Директорот на СОУ „Миле Јаневски-Џингар“ да воведе систем на внатрешна контрола на целокупната документација кај поважните процеси и да донесе пишани процедури со дефинирање на сите активности во извршувањето и контролата на целокупната постапка во наведените процеси.
- ✓ Исплатите да се вршат согласно точна исплатна документација (фактури) со што би се намалил ризикот од појава на грешки при вршењето на исплатите.
- ✓ При проверка и контрола на фактурите ако се утврди неточна фактурирна сума потребно е да се обезбеди корегирана фактура со точната сума за исплата од страна на добавувачот.
- ✓ -Во иднина писмените акти врз основа на кои се вршат промените во платата да бидат содржани во прилог на платата.
- ✓ -Исплатните листи редовно да се доставуваат до вработените, со што вработените ќе имаат увид во нивните надоместоци и одбитоци.
- ✓ Во иднина пописот на средствата и обврските да се спроведува согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.
- ✓ Директорот да преземе мерки и активности за воспоставување на материјална евиденција за приемот и издавањето на материјалите и истите сметководствено да се евидентираат преку сметките на залиха на материјали и останат капитал.При издавањето на ситниот инвентар потребно е задолжување на лицата со реверс.
- ✓ Директорот да преземе мерки и активности во насока на подобрување на контролата врз исплатната документација.Исплатите да се вршат со претходна контрола од страна на овластено лице по претходно добиено овластување за следење на реализацијата на договорот за ЈН.Овластените лица со свој потпис ја потврдуваат контролата
- ✓ Во иднина да се превземат мерки и активности издавањето на салата и прибирањето на приходите во корист на училиштето да се врши согласно донесената Одлука и согласно склучените Договори.

.

Целосна реализација

Делумна реализација

Ниска реализација

Изготвил: Христина Атанасовска